ЗАЕДНИЦА НА ЕДИНИЦИТЕ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

ЗЕЛС

тел. +389 (0)2 30 99 033 / факс: +389 (0)2 30 61 994
ул. Копенхагенска бр.5 , п.фах 32 , 1000 Скопје, Република Северна Македонија
www.zels.org.mk / contact@zels.org.mk

**До:** Министерство за економија
- Сектор за енергетика

**Предмет:** Одговор на барање на мислење за предлог измена на Закон за енергетика

Почитувани,

Во врска со вашиот допис бр.12-1986/1 од 03.04.2020 за барање на мислење за предлог измена на Закон за енергетика би сакале да ве известиме дека, ЗЕЛС се обрати до сите локални самоуправи во Р.С.Македонија. при што во наведениот рок две општини доставија мислење по истиот. Општините Карпош и Охрид доставија позитивно мислење по истиот, а воедно и ЗЕЛС ја поддржува иницијативата со која се до дефинираат областите на надзор, контрола и казнените одредби. Општина Охрид достави дополнителен коментар надвор од предложените измени кој ве замолуваме да го земете во предвид, коментарот го цитираме во прилог:

"Како посебна забелешка, од значење за сите Локални самоуправи, е потребата да Законодавецот (во соодветните членови на Законот) да ја обезбеди **потребата од барање на мислење од Општините во самиот почеток на одредени активности** за конкретните локални проекти (концесии и сл.). Истото е од аспект што во Општините постојат одредени активности кои се планираат како долгорочни и стратешки и кои во одредени сегменти се преклопуваат или се во спротивност со одредена мерка, активност или договор склучен од Централната власт, без консултација-мислење на Локалната. "

Со почит,

**0204-329/2**
**24.04.2020 г.**
**Скопје**

**Заедница на единиците на локалната самоуправа на Р.С.М. – ЗЕЛС,**
**Извршен директор,**
**Душица Перишиќ**